Агенција за млади и спорт



# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2016-2025

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Ставовите изразени во овој документ се ставови на авторите и не ги одразуваат ставовите на Обединетите нации, вклучувајќи го УНДП, или на земјите-членки на ОН.

# ПРЕДГОВОР

Имајќи ги предвид изменетите општествени состојби, но и истекувањето на Националната стратегија за млади 2005-2015, Агенцијата за млади и спорт на почетокот на 2015 година го иницираше процесот на креирање нова Национална стратегија за млади, која ги одразува тековните предизвици, ставови и потреби на младите луѓе за периодот 2016-2025 година.

Процесот на креирање на Националната стратегија за млади започна во февруари 2015 и се одвиваше во три фази:

- Отворен повик за учество во работните групи
- Средби на работни групи во рамки на приоритетните области од стратегијата
- Јавни дискусии за претставување на нацрт-текстот на стратегијата

Како основа за иницирање на овој процес е истражувањето за младински трендови спроведено од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во периодот септември – декември 2014 година.

Оваа национална стратегија за млади, како стратешки документ е креирана со активното учество на младите луѓе и релевантните институции кои во рамки на еден транспарентен и инклузивен процес ги изразија своите ставови и потреби во рамки на девет приоритетни области на стратегијата.

Содржината на Националната стратегија за млади ги опфаќа стратешките приоритети, клучните предизвици со кои се соочуваат младите и долгорочните цели презентирани низ тематските области. Како дополнување на стратегијата, изработен е Генерален план со предлог резултати и мерки за следните десет години. По усвојувањето на овој стратешки документ ќе се продолжи со консултативен процес за изработка на двогодишни акциски планови, каде во рамките на веќе дефинираните предлог-решенија детално ќе бидат утврдени следните чекори, временската рамка, одговорностите и потребните финансиски средства за реализација на предвидените цели. Врз основа на вака дефинираната операционализација на стратегијата понатаму ќе биде изработен и план за следење на нејзината реализација со што ќе се овозможи многу поголема ефикасност и координација на напорите на различните институции одговорни за реализација на мерките предвидени во оваа стратегија.

Особена благодарност упатуваме до Програмата за развој на Обединети нации што го поддржаа овој процес од самиот почеток и кои со својата поддршка дадоа особена вредност на овој процес.

Најголема благодарност упатуваме до младите луѓе кои веруваа во овој процес и кои преку заедничка посветеност и соработка ја поставија основата на втората Национална стратегија за млади. Креирањето на Националната стратегија за млади е еден од најинклузивните и отворени процеси во Република Македонија, кој опфати учество на млади луѓе и на претставници од релевантни институции и од сите засегнати страни кои во период од 10 месеци дискутираа за проблемите и предизвиците на младите луѓе во нашата држава, но што е уште поважно и за начините, механизмите и можностите за нивно решавање во следните 10 години. Младите луѓе добија можност да зборуваат за тоа како сакаат да изгледа нивната иднина, истовремено покажувајќи интерес и заложби да придонесат за позитивни промени во општеството.

Во таа насока, оваа стратегија им припаѓа на сите млади во Република Македонија.



**Марјан Спасески,**
Директор на Агенцијата за млади и спорт

Скопје,
јануари 2016 година



# СОДРЖИНА

**Листа на користени кратенки** 6

**Вовед** 7

**Пристап при изработка на стратегијата** 8

**Младите во Република Македонија денес** 9

**Визија 2025** 10

**Стратешки приоритети** 11

**Вредносни определби на стратегијата** 11

**Тематски области** 13

- **Тематска област:** Младинско учество 13
- **Тематска област:** Младинско информирање 15
- **Тематска област**: Локална младинска работа 17
- **Тематска област:** Образование 19
- **Тематска област:** Вработување и поддршка пред вработување 25
- **Тематска област:** Култура 28
- **Тематска област:** Спорт 30
- **Тематска област:** Здравје 32
- **Тематска област:** Квалитет на живот 35

Клучни актери и нивни улоги и одговорности 37

План за мониторирање 39

Листа на користена литература и релевантни документи 40

# ЛИСТА НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

**АМС** ... Агенција за млади и спорт

**ГО** ... граѓански организации

**ЕУ** ... Европска Унија

**ИТ** ... информатички технологии

**ЛМР** ... локална младинска работа

**МСП** ... мали и средни претпријатија

**НВО** ... невладини организации

**НЕЕТ** ... не се вклучени во образование, работа или обука

**НСМ** ... Национална стратегија за млади

**НФО** ... неформално образование

**ПАС** ... психо-активни супстанци

**РМ** ... Република Македонија

**СРЗ** ... сексуално репродуктивно здравје

# ВОВЕД

Младите се носители на позитивните промени, како во Република Македонија, така и ширум светот. Тие се ресурс за иновации и идна движечка сила на социјалниот и економскиот развој. Младите ги предизвикуваат воспоставените норми и вредности и ги градат темелите за иднината на нашата земја. Република Македонија ја уважува оваа значајна улога на младите. Токму затоа од исклучителна важност е постојано и систематски да се вложува во нивниот развој, но и во воспоставување на механизми за нивно активно учество во општествените процеси. Само со градење на вистинско партнерство помеѓу институциите и младите ќе осигуриме дека политиките се инклузивни, ги одразуваат и адресираат вистинските потреби и поттикнуваат социјална интеграција.

Националната стратегија за млади на Република Македонија 2016-2025 ги поставува основните принципи и насоки за акција на сите чинители во општеството кои ќе водат кон подобрување на социоекономската положба на младите и кон создавање на средина која ќе им овозможи на младите да ги остваруваат своите права, потреби и интереси.

За потребите на оваа стратегија, а согласно досегашната историска, социјална, политичка и етичка практика **терминот млади се однесува на сите лица на возраст од 15 до 29 години. Тоа е категорија која во себе носи огромен потенцијал, како клучен ресурс за општествен напредок, но и особена ранливост на социоекономските промени во општеството.**

Оваа стратегија се базира на определбата да се работи за и со младите и да се овозможат услови во кои младите ќе можат да го достигнат сиот свој потенцијал како активни граѓани кои придонесуваат не само за својот личен и професионален развој, туку и за развојот на целото општество.

Со цел структурирано да се пристапи на низата различни прашања поврзани со правата на младите, интервенциите предложени во оваа стратегија се поделени во девет клучни области, и тоа:

- **младинско учество**
- **младинско информирање**
- **локална младинска работа**
- **образование**
- **вработување и поддршка пред вработување**
- **култура**
- **спорт**
- **здравје**
- **квалитет на живот**

Националната стратегија за млади на Република Македонија 2016-2025 се базира на меѓународните документи ратификувани од страна на Република Македонија кои ги афирмираат прашањата поврзани со младите и истата е во согласност со останатите стратешки документи од интерес, усвоени од страна на Владата на Република Македонија.

## ПРИСТАП ПРИ ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Базиран на принципите на учество, а водејќи се особено според „Европската повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот живот" и „Кодексот на добри практики во учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики", процесот на изработка на Националната стратегија за млади 2016-2025 започна со организирање на национална конференција на која повеќе од стотина претставници на младински организации и институции го одбележаа почетокот на процесот на подготвување на оваа стратегија.

Како основа за иницирање на овој процес е истражувањето за младински трендови спроведено од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во периодот септември – декември 2014 година.

Целиот процес на креирање на Националната стратегија за млади започна во февруари 2015 и се одвиваше во повеќе фази кои вклучуваа отворен повик за учество во тематските работните групи, каде секое здружение на граѓани, неформална група или поединец имаа можност да изберат во кои тематски области сакаат да бидат активно вклучени. Од средината на април започнаа средбите на работните групи во рамки на приоритетните области од стратегијата со тоа што до средината на септември се одржаа по четири до пет работилници во секоја област за да се дефинираат клучните предизвици со кои се соочуваат младите, како и долгорочните цели за справување со овие предизвици. Третата фаза од процесот се случуваше во месеците октомври и ноември каде се одржаа 12 јавни дебати ширум државата, меѓу кои и финалната јавна дебата во Скопје на која присуствуваа повеќе од 130 претставници на државните институции, здруженија на граѓани, локални младински совети, неформални групи и поединци. Изработката на стратегијата овозможи вклучување на широк спектар на младински претставници, меѓу кои најактивно учество зедоа членови на младински организации и претставници на локални младински совети, како и номинирани лица од страна на државните институции. Преку консултативните средби на национално и на локално ниво и преку користената методологија, сметаме дека овој документ е еден од ретките во Југоисточна Европа по однос на вклученоста, земајќи ги предвид и специфично изработените алатки на социјалните медиуми преку кои значителен број млади ги дадоа своите мислења и предлози.



*Изработката на стратегијата овозможи вклучување на широк спектар на младински претставници, меѓу кои најактивно учество зедоа членови на младински организации и претставници на локални младински совети, како и номинирани лица од страна на државните институции*

# МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС

Стратегијата за млади 2005-2015 за прв пат во Република Македонија систематски го отвори прашањето за младите, на начин на кој тоа не беше направено досега – во однос на нивните права и потреби, притоа прокламирајќи низа европски вредности и пристапи. На тој начин оваа стратегија ги институционализираше концептите на учество, зајакнување, информираност, но пред сè познавање и почитување на своите права.

Иако релативно амбициозна и опсежна, Стратегијата 2005-2015 за прв пат ги артикулираше и обедини напорите на институциите и граѓанскиот сектор, а со тоа отвори простор и за развој на критична група млади и младински организации кои денес се клучни двигатели во борбата за правата на младите. Во периодот што измина бевме сведоци на првите иницијативи за имплементација на неформалното образование, младинската работа, стимулирање и регулирање на волонтерството, развојот на локални стратегии за млади, обезбедување на пристап до европски програми и поддршка за мобилност во работа и образование и низа други алатки и европски процеси креирани да ја унапредат положбата на младите во општеството. Предизвикот кој стои пред оваа нова стратегија е да бидеме сигурни дека сите овие процеси ќе бидат системски интегрирани и институционализирани со цел ефективно да придонесат кон различните предизвици со кои се соочуваат денес младите во Република Македонија.

Еден од клучните проблеми со кои денес се соочуваат младите во Република Македонија е високата стапка на младинска невработеност, која во 2015 за младите на возраст од 15-24 год. изнесува 48,2 %[1]. Младинската невработеност е проблем кој е тесно поврзан со финансиската состојба, а понатаму и социјалната благосостојба и влијае на низа други прашања поврзани со квалитетот на живот. Во однос на образованието, во периодот од 2010 до 2014 забележуваме намалено рано напуштање на образованието, напредок кај бројот на млади кои завршуваат средно образование, како и бројот на лица на возраст до 34 години кои го комплетираат високото образование[2]. Сепак, овие бројки сè уште се на пониско ниво од посакуваното, како и од просекот во земјите кои се членки на ЕУ. Во моментов е загрижувачки и бројот на НЕЕТ млади (млади кои не се вклучени во образование, работа или обука), кој во 2013 година изнесува речиси 30%[3].

Сите овие прашања влијаат на навиките и можностите кои младите ги имаат и користат, но и на важни аспекти на активен однос кон здравјето, културата и спортот. На крајот, би ги нагласиле и прашањата поврзани со младинското учество и информираност, кои претставуваа важен фокус за сите учесници кои работеа на оваа стратегија, а кои се суштински за формирањето на секој млад човек како активен субјект и рамноправен чинител во сите општествени процеси.

Токму овие прашања се основата на која ќе се фокусира стратегијата 2016-2025 година, во насока на креирање и олеснување на интервенциите за надминување на овие проблеми, пред сè преку пристапи и алатки кои се веќе докажани како ефикасни на национално и на европско ниво.

Притоа, особено е важно интервенциите предвидени со оваа стратегија да бидат подеднакво достапни за сите млади во Република Македонија, а особено младите од ранливите категории, на кои очекуваме клучните актери за реализација на оваа стратегија да им посветат особено внимание.

*Младинската невработеност е проблем кој е тесно поврзан со финансиската состојба, а понатаму и социјалната благосостојба и влијае на низа други прашања поврзани со квалитетот на живот*



[1] Државен завод за статистика (бр.02,1,15,32) од 11,12,2015 година

[2] ibid

[3] Премин на младите жени и мажи на пазарот на трудот во Република Македонија – Меѓународна организација на трудот – јули 2013 година






*Иако релативно амбициозна и опсежна, Стратегијата 2005-2015 за прв пат ги артикулираше и обедини напорите на институциите и граѓанскиот сектор, а со тоа отвори простор и за развој на критична група млади и младински организации кои денес се клучни двигатели во борбата за правата на младите*

# ВИЗИЈА 2025

Младите се независни, самостојни, активни, рамноправни, информирани и прогресивни учесници во сите области на општеството и во целост го развиваат својот потенцијал како одговорни граѓани кои ги уживаат фундаменталните права и слободи.

Младите имаат еднакви можности без оглед на разликите и се значајно вклучени во процесот на донесување на одлуки, при што ги развиваат своите потенцијали и активно придонесуваат кон општиот развој и благосостојбата на Република Македонија.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

1. Овозможување подобар животен стандард и еднакви можности за квалитетен живот.

2. Креирање услови за почитување и заштита на фундаменталните права и слободи, и систематска интеграција и интеракција на различни категории млади.

3. Креирање на можности за вклучување на младите во следење и спроведување на политиките и одлуките кои ги засегаат.

4. Еднаков пристап до квалитетно образование и други форми на личен и професионален развој.

## ВРЕДНОСНИ ОПРЕДЕЛБИ НА СТРАТЕГИЈАТА

Имајќи ја предвид комплексноста на живеењето во денешното динамично општество како и специфичните предизвици со кои младите се соочуваат како составен дел од својот сопствен развој и созревање, Националната стратегија за млади на Република Македонија ги препознава следните вредности како генерален стремеж и суштинска определба на овој документ:

- **УЧЕСТВО** - Младите луѓе ќе бидат активни чинители и клучни партнери во сите процеси на развој и градење на демократско и прогресивно општество. Учеството значи креирање на можности за вистинско и значајно вклучување на различните групи млади жени и мажи во процесите на носење и имплементација на одлуки на сите нивоа и во сите аспекти на општественото живеење кои ги засегаат.

- **ЗАЈАКНУВАЊЕ** - Секое вклучување и соработка со младите ќе се препознае како единствена можност за развој и градење на нивните капацитети и нивно зајакнување со цел преземање на значајни улоги во сопствениот живот и во општеството во целина.

- **АВТЕНТИЧЕН ЛИЧЕН И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ** – Младите луѓе се уникатни индивидуи кои се наоѓаат во интензивен процес на учење и развој. Наша должност е на младите да им обезбедиме образовни и животни можности и искуства кои ќе придонесат кон целосно остварување на нивните потенцијали, негувајќи ги индивидуалните специфики и разлики на секој млад човек.

- **СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА** - Социјалната интеграција и вклученост преставува неопходен минимум и услов без кој не може да се обезбеди интегралниот развој на секој млад човек, како и основно право кое треба да го уживаат сите млади.

- **МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ** – Мултикултурализмот е клучна одлика на нашето општество и ќе биде препознаен како ресурс и потенцијална додадена вредност на развојот во сите сфери на општествено дејствување.







## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА МЛАДИ ЌЕ СЕ ЗАСНОВА ВРЗ ПРИНЦИПИТЕ НА:

**Рамноправност и инклузивност** – Препознавајќи дека на различните групи на млади им се потребни различни пристапи и форми на поддршка со цел обезбедување еднаков пристап за искористување на можностите кои постојат.

**Одговорност и отчетност** - Оваа стратегија е документ кој ќе заживее само преку транспарентноста, одговорноста и отчетноста на оние кои го апсолвираат. Тоа се пред сè институциите кои се задолжени за негова имплементација, но и сите оние кои работат за благосостојбата на младите, пред сè граѓанските организации, младинските здруженија, меѓународната заедница, родителите и различни професионалци кои работат со млади.

**Соработка и партнерство** - Предизвиците кои стојат пред младите се комплексни и мултисекторски, и единствен модел кој ќе овозможи нивно надминување е меѓусекторската соработка и комплементарноста во напорите за имплементирање на предложените решенија. Потребно е да се градат партнерства помеѓу институциите и граѓанските организации на младите и оние кои работат со млади за да се обезбеди активно учество на младите луѓе и соодветна застапеност на нивните ставови при решавање на проблемите.

**Професионалност** – Реализацијата на стратегијата за млади ќе подразбира извршување на индивидуалните задачи и одговорности со високо ниво на компетентност, доследност и личен и професионален интегритет. Професионалноста значи и висок квалитет во работата, силна работна етика и посветеност кон континуирано унапредување на резултатите и процесите.

# ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ

## Тематска област: МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Ефективното учество на младите претставува право, но и можност младите жени и мажи да бидат вклучени во креирањето, носењето и реализација на политиките кои се од нивен интерес. Дополнително, учеството на младите е процес на создавање на можности за тие да бидат значаен дел од процесот и да влијаат во креирањето и спроведувањето на политиките кои придонесуваат во развојот на стратегиите и програмите. Овие можности се создаваат преку развивање на широк спектар на формални и неформални механизми за младинско учество, од локални совети на млади до фокус групи, од тековни консултации за политики за млади, до проекти предводени од младите.

Воспоставените практики, непостоењето на претставнички тела, ниската информираност и едукација на младите за правото на учество говорат за исклученост на младите од ваквите процеси и причините кои водат кон апатија. Застапеноста на младите во институциите не е на задоволително ниво, а и таму каде што ги има ретко или малку се вклучени во донесувањето на одлуки. На локално ниво, се забележуваат форми на младинско организирање, како и стратешки документи за млади кај некои општини, но не постои унифициран пристап кој се практикува секаде. Дополнително, локалните самоуправи и владините институции не одвојуваат доволно средства за младинските потреби и реализација на нивните идеи и многу малку придонесуваат во поттикнувањето на волонтерството кај младите иако поголем дел од младата популација го поддржува ваквиот ангажман на младите луѓе како подготовка за да стапнат поспремни на нивните идни работни места.

Клучни предизвици во областа младинско учество се поврзани со ставовите на младите дека тие се само делумно вклучени при креирањето на политиките, како и дека тие се повеќе вклучени во помагање при извршување на училишни обврски на врсници или пријатели, наспроти волонтирањето во невладини организации кое е ретко. Дополнително, младите кои членуваат во здруженијата на граѓани сметаат дека е мал процентот на млади кои не членуваат во ниту една организација и дека значаен процент од младите воопшто не се интересираат за политика.

Овие клучни предизвици на долгорочно ниво може да предизвикаат апатичност на младата популација, да влијаат на квалитетот на образованието, да инспирираат пасивни граѓани и во целост да влијаат на квалитет на животот кај младите. Во согласност со утврдените клучни предизвици, со оваа стратегија се предвидуваат соодветни долгорочни цели и специфични мерки преку кои ќе се делува кон решавање на наведените проблеми.

### ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

**ЦЕЛ 1:** Зголемен број на изворни младински иницијативи и здружувања

**Мерки по цел 1:**

1. Промоција на младински активизам и придобивки во училишен, вон училишен систем и за млади со помалку можности.
2. Организирање на презентации за промоција на младинскиот активизам поддржани од релевантни институции.
3. Програма за поддршка и едукација на национално и локално ниво.
4. Обезбедување поддршка за едукација на младите за придобивките и можностите од неформални иницијативи.
5. Осигурување на широк консултативен процес на национално и на локално ниво при креирање на јавни политики кои ги засегаат младите.

**ЦЕЛ 2:** Институциите, организациите и младите имаат редовни, континуирани и заеднички активности во согласност со интересите на младите.

**Мерки по цел 2:**

1. Анализа на постоечката состојба и позитивни практики за функционирање на коменаџмент-тела на европско ниво изработена во соработка меѓу надлежни институции и граѓански организации.

2. Широк консултативен процес при креирање на коменаџмент-тело како и при креирање на политика за функционирање на коменаџмент-телото (надлежности и стратешки планови).

3. Воспоставен коменаџмент-механизам за одлучување и координација при спроведување на активностите, со пропорционално членство на надлежни институции, граѓански организации и други форми на здружувања на млади.

**ЦЕЛ 3:** Обезбедување финансиска поддршка од страна на локалните и националните власти во насока на поттикнување на младинско учество

**Мерки по цел 3:**

1. Анализа на буџетски импликации на стратегијата на национално и локално ниво, спроведена во соработка помеѓу надлежни институции и граѓански организации.

2. Дефинирани посебни финансиски средства наменети за спроведување на националната стратегија.

3. Широк консултативен процес при креирање на коменаџмент-тело како и при креирање на политика за функционирање на коменаџмент-телото (надлежности и стратешки планови)

4. Воспоставен коменаџмент-механизам за одлучување и координација при спроведување на активностите, со пропорционално членство на надлежни институции, граѓански организации и други форми на здружувања на млади.

5. Програма за соработка меѓу граѓански организации и надлежни институции, за работа на европски проекти.

6. Дефинирање на посебна буџетска линија за воспоставување на нов програмски фонд за директна поддршка на млади и форми на младинско здружување.

**ЦЕЛ 4:** Обезбедување на означаен институционален фокус на млади преку Агенцијата за млади и спорт

**Мерки по цел 4:**

1. Програма за градење на капацитети на надлежни институции за сеопфатна имплементација на младински политики.

2. Загарантирано учество на надлежни институции на процеси кои се случуваат на европско и глобално ниво.

3. Широк консултативен процес при креирање на политика и при имплементација за младински политики на национално и локално ниво.

4. Воспоставен коменаџмент-механизам за одлучување и координација при спроведување на активностите, со пропорционално членство на надлежни институции, граѓански организации и други форми на здружувања на млади.

5. Обезбедени просторни технички ресурси од страна на институциите за спроведување младински политики.

**ЦЕЛ 5:** Обезбедени соодветни ресурси за имплементација на младински политики и механизми за младинско учество

**Мерки по цел 5:**

1. Истражување (споредба со други релевантни ситуации во соседството и пошироко (Србија итн.).
2. Студиска посета во слични министерства во Европа (разбирање на работата на вакви институции и нивните надлежности).
3. Мапирање на ресурси (со кои ресурси се располага за креирање на едно вакво министерство, пред се финансиски ресурси).
4. Отворен процес за мапирање на надлежности на ова министерство (фокус групи за дефинирање на надлежности на оваа министерство кои ќе ги вклучуваат надлежните институции но и невладини организации кои работаат со млади).
5. Креирање на коменаџмент-систем за донесување на одлуки.

Носители на мерките од областа Младинско учество се: Собрание на Република Македонија, Влада на Република Македонија, Агенција за млади и спорт, Министерство за локална самоуправа, Министерство за образование и наука и Министерство за труд и социјална политика.

Тематска област:

## МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

Младинско информирање е најчесто замислено како систем од активности преку кои се пренесуваат информациите до младите. Во овој систем од активности треба да се обезбеди пристап до инфромациите кои се поврзани со младите, а се обезбедени од институциите на централно и локално ниво. Најчесто младинското информирање се подразбира како систем за давање услуги со специјализирани сервисни информации, кои се од интерес на младите луѓе. Особено важно за овој процес е тој да резултира со квалитетни информации до кои младите имаат слободен пристап и широка достапност. Последователно на ова, гледиштето на младите е дека младинското информирање е граѓански процес на споделување на информации односно комуникациски процес помеѓу институциите и младите, младите и младите, но и младите и институциите.

Клучните предизвици во областа се поврзани со лимитирани информации за младите, начинот на презентација на информациите кој не е на јазик близок до младите, како и несекогаш соодветното користење на социјалните медиими и начинот на презентација на информацијата кој не е на младинско пријателски јазик. Младите исто така сметаат дека не постои структура на младинско информирање, преку која на едно место ќе се најдат информации кои се од интерес на младите граѓани, како и не постоењето практика (свест) за споделување на информации до младите. Овие клучни предизвици може да предизвикаат намален интерес на младите за следење на традиционалните медиуми, зголемена недоверба кон институциите кои работат на прашања кои се од интерес на младите, неадекватните и несоодветните содржини на медиумите може негативно да влијаат врз развојот на младите, младите во недостаток на навремени и точни информации можат да станат апатични кон општеството.

Во согласност со утврдените клучни предизвици, со оваа стратегија се предвидуваат соодветни долгорочни цели и специфични мерки.

## ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

**ЦЕЛ 1:** Достапност и транспарентност на информации од интерес на младите за остварување на нивните потреби

### Мерки по цел 1:

1. Анализа и дефинирање на состојба и практики за АМС.
2. Мапирање на целните групи и воспоставување на функционални методи за комуникација со целните групи.
3. Креирање на програма и акционен план за имплементација во состав на одделението за младинско информирање.
4. Спроведување на ефикасен и ефективен систем за мониторинг и контрола на програмата на одделението.
5. Анализа и истражување за веќе постоечките документи и практики од земјите во ЕУ и регионот.
6. Изработка на предлог/драфт документи (policy documents).
7. Усвојување на документ за транспарентно младинско информирање.
8. Мониторинг и евалвација на имплементацијата на „документот со политики“.
9. Подготовка на проект за младинско информирање и активности за негова популаризација.
10. Информирање и поддршка на персоналот во медиумите.
11. Истражување на ставовите на публиката за радио и телевизиските програми за темите и содржините наменети за младите.

**ЦЕЛ 2:** Креирана комуникациска стратегија за меѓуинституционална координација за информирање на младите

### Мерки по цел 2:

1. Анализа на функционалноста и недостатоците на постоечките канали за комуникација помеѓу институциите и/ со младите.
2. Формирање на работни групи со учество на младински организации за изработка на комуникациска стратегија.
3. Дефинирање на функционални канали за комуникација помеѓу институциите – младински организации - младите (оперативност).
4. Мапирање на постоечките канали во електронскиот систем на информирање.
5. Поставување на посебно видливо поле (посебна категорија) за информирање на млади на веб-сајтовите на институциите и организациите.
6. Вмрежување и интернет-платформа на организации и институции во презентирањето на информации за млади.
7. Изработка на онлајн апликација за информирање на младите.
8. Идентификување на координативно тело.
9. Избор на членови.
10. Креирање на програми и процедури.
11. Мониторинг и евалвација на работата.

**ЦЕЛ 3:** Воспоставен е систем за младинско информирање на локално и на национално ниво со механизми за одржлив развој (зајакнати капацитети, зголемен калвитет и квантитет).

**Мерки по цел 3:**

1. Започнување на иницијатива за комуникација (или за градење на мрежа) со институциите и младински организации.
2. Одржување на редовни квартални средби за координација и комуникација.
3. Изготвување на конкретни насоки за заедничка соработка и дејствување на полето младинско информирање.
4. Назначување на лица за младинско информирање во организациите и институциите.
5. Обука на назначените лица за стручно оспособување за информирање на младите.
6. Трансфер на знаења на обучените лица кон нивните соработници.
7. Организирана е обука за младински информативни работници.
8. Анализа на финансиските капацитети на организациите и на финансиските можности на институциите.
9. Издвојување на средства од националниот и локалниот буџет за проекти за младинско информирање.

Носители на мерките од областа Младинско информирање се Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенција за млади и спорт и единиците на локалната самоуправа

**Тематска област:**
## ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА РАБОТА

Локалната младинска работа претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал. Таа е директно поврзана со развој на локалната заедница преку која младите не само што стануваат активни субјекти во процесот на сопствениот развој туку и активни чинители во животот во заедницата.

Во Република Македонија системот на локална младинска работа (ЛМР) е сè уште на почетокот на својот развој. Истата за жал сè уште не е дефинирана како една од клучните компоненти на процесот на воспитание, заштита и развој на младите и како таква нејзината примена во воспитно-образованиот систем и типот на младински активности кои се достапни за младите (спорт, обуки, работилници, кампови, размени, вонишколски активности, волонтерски активности итн.), во голема мера се потпира на она што е обезбедено од страна на граѓанските организации. Сето ова повлекува низа прашања од аспект на неискористеност на потенцијалот на младинската работа за поддршка и унапредување на личниот, социјалниот и професионалниот развој на младите, па сè до недостиг на контрола и осигурување на квалитет во нејзината моментална примена.

Клучни предизвици во оваа област со која се соочуваат младите се поврзани со фактот дека младинската работа не е препознаена како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите. Младинската работа не е формално регулирана, стандардизирана и интегрирана како дел од системот на воспитание, образование и заштита на младите, и истата не е подеднакво достапна за младите во различни региони од земјава.

Во согласност со утврдените клучни предизвици во оваа област, се предвидуваат соодветни долгорочни цели и специфични мерки преку кои ќе се делува кон решавање на наведените проблеми.

**ЦЕЛ 1:** Препознавање на младинската работа како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите

**Мерки по цел 1:**

1. Промоција на концептот и примената на младинска работа преку кампањи, јавни настани, широка понуда на активности од младинска работа и позитивни примери од останатите земји.
2. Запознавање и едукација на образовните кадри и останати професионалци кои работат со млади (педагози, психолози, социјални работници и сл.) со концептот и потенцијалната примена на младинската работа.
3. Интегрирање на основно запознавање со младинската работа во програмите за образование на професии кои работат развојна работа со млади (наставници, психолози, педагози, социјални работници итн.).
4. Промоција на успешни приказни за потенцијалната употреба и придобивките од имплементација на младинската работа за поддршка на личниот развој на младите.
5. Промоција на младинската работа и нејзината употреба за поддршка на ранливите категории млади и младите во различи животни ситуации.
6. Промоција на европските искуства и примената на младинската работа.
7. Промоција и поддршка на граѓанските организации кои имплементираат младинска работа.
8. Следење, документирање и промоција на позитивните резултати и остварувања од имплементација на младинска работа.

**ЦЕЛ 2:** Формално препознавање и регулирање на примената и понудата на младинската работа како интегрален дел на воспитно образованиот систем на земјата

**Мерки по цел 2:**

1. Поддршка на процесите на дефинирање на младинската работа, нејзините форми, облици и примена во воспитно-образовниот систем на национално ниво.
2. Регулирање и интегрирање на младинската работа во рамки на постоечката законска регулатива како дел од системот на воспитание, образование и заштита на младите.
3. Препознавање на професијата младински работник во рамки на националната класификација на професии.
4. Интегрирање на минимум задолжителна понуда на младинска работа како дел од активностите за млади во рамки на општините.
5. Поддршка на партиципативни и консултативни процеси на дефинирање на Национална рамка за квалитет на младинската работа.
6. Дефинирање на Национално портфолио на младински работници со минимум компетенции и подготовка на кадрите кои имплементираат младинска работа.
7. Развој и примена на кодекс на етика во професионалната и волонтерската младинска работа.

**ЦЕЛ 3:** Осигурување на квалитетна и достапна понуда на младинска работа на територијата на секоја општина

**Мерки по цел 3:**

1. Поддршка на процесите на препознавање и градење на капацитетите на младинските работници за имплементација на квалитетна работа со млади.

2. Обезбедување на можности за професионална едукација и доквалификација на моменталните и идните младински работници во рамки на системот на формално и неформално образование.

3. Осигурување на соодветен човечки капацитет за имплементација на младинска работа на територијата на секоја општина.

4. Поддршка на локалните власти во обезбедување на простор и услови за имплементација на младинската работа на територијата на секоја општина.

5. Промоција на соработката меѓу граѓанските организации и локалните институции за понуда на младинска работа на територијата на секоја општина.

6. Осигурување на понуда на младинска работа согласно со потребите на младите на локално ниво.

7. Интегрирање на понудата на младинска работа како дел од локалните стратегии за млади.

8. Вклучување на младите како активни партнери во процесот на имплементација на младинска работа.

Носители на мерките предвидени со оваа област се Агенција за млади и спорт, Министерство за локална самоуправа, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика и единиците на локална самоуправа.

Тематска област:
## ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им овозможува на децата, на младите и на возрасните моќ за аргументирано расудување, да прават избор и да си го подобрат животот. Го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот и на социјалниот развој. Образованието треба да се набљудува како мултидимензионална област која се однесува на повеќе целни групи и во себе опфаќа повеќе нивоа и пристапи. Од аспект на идната Национална стратегија за млади во понатамошното разгледување на состојбите и дефинирање на приоритети и акции од особена важност е подеднакво да се третираат: средното и високото образование, неформалното образование, квалитетот, пристапот, интеграцијата во образовниот процес.

Образовниот систем во Република Македонија е во континуиран процес на реформи. Во изминатиот период се преземаат активности на полето на образовните политики како во средното така и во високото образование со кои нашата држава се стреми да ги достигне меѓународните стандарди за квалитетно образование. Од друга страна таквиот континуиран процес на реформи и влегувањето од една во друга реформа не остава доволно простор за оценка на ефектите од примената на одредени модели и образовни пристапи, а истовремено го стеснува просторот за суштинско вклучување на сите засегнати страни, а посебно на директните корисници на таквите реформи – младите луѓе кои се во образовниот процес.

Детектираните потреби на младите во рамки на релевантните истражувања со кои се анализира состојбата[4], како во средното, така и во виското образование и воопшто состојбата на младите како посебна целна група повикуваат за вложување дополнителни напори со цел да се подобри образованието кое им се нуди на младите луѓе. Таквите потреби се однесуваат пред се на унапредување

[4] Пошироко за консултираните истражувања во референтната листа на користена документација која е дадена како прилог на стратегијата

на квалитетот на наставниот кадар, опфатот и квалитетот на наставните содржини, развивање и воведување иновативни техники и методи на учење, подеднаков пристап на младите во процесот на образование како и што поголема интеграција по возраст, пол и етничка припадност. При тоа важно е да се напомене дека од аспект на оваа стратегија која за целна група ги има младите луѓе, посебно битно е вклучувањето на младите во процесите на развој на квалитетно образование и интегрирање на нивните ставови и потреби како на ниво на политики така и во практиката.

## ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

**Сегмент: Примена на наставни методи и техники, образовен пристап и квалитет на наставниот кадар**

**ЦЕЛ 1:** Да се унапредат наставните програми и техники во основното, средното и високото образование, вклучувајќи ја и практичната настава во средно и високо образование.

### Мерки по цел 1:

1. Анализа за примена на практичната настава во средното и високо образование.
2. Понуда на нови или различни применливи модели на практиканство, анализа на можностите за проширување на праксата во други наставни области предмети и овозможување повеќе време за спроведување на практична настава вон образовните институции во средното и високото образование.
3. Развивање пристап и критериуми за унапредување на евалвацијата на практиката на ниво на стручни училишта
4. Унапредување на соработката помеѓу образовните институции со бизнис заедницата за спроведување на практична настава и воведување на програми базирани на потребите на пазарот на трудот.
5. Проширување на менторскиот систем во компаниите за следење и обука на учениците за време на спроведување на практичната настава.
6. Промоција и засилено информирање за флексибилноста за изборни предмети на факултет надвор од матичниот, во склоп на истиот универзитет, со цел збогатување на знаењето и вештините на студентите за негова поголема компетентност на пазарот на трудот.
7. Изработка на електронски весник за сите средни/основни училишта за информирање за воведените новини во училиштата и генерално во образованието.
8. Поголем ангажман на стручни лица во основните и средни училишта со цел да се посвети поголема грижа на учениците, особено на лицата со посебни потреби, и подобра комуникација, советодавни средби, превенција на насилнички стремежи, психолошка асистенција за деца чии родители се разведуваат/се разведени (педагози, психолози, дефектолози, социјални работници/социолози).
9. Воведување програма за општествена активност на учениците.
10. Дизајнирање на содржината и активностите на студиските програми во високото образование според резултатите од учењето согласно Националната рамка на високообразовни квалификации во чие утврдување, придонес ќе дадат и студентите како рамноправни партнери во високообразовниот процес.
11. Градење култура на активно учество на младите луѓе во доставување на податоци за напредокот во кариерата во базите на високообразовните установи со цел поефикасна евулација и унапредување на квалитетот на студиските програми.

**ЦЕЛ 2:** Да се подобри квалитетот, подготовката и поддршката на наставниот кадар во воспитно-образовниот процес во средното образование и нудење можности за развој на кадарот во високо образовните институции.

**Мерки по цел 2:**

1. Континуирана обука за обучување на адекватен и сензитивен кадар со цел да може да одговори на потребите на секој ученик без разлика на неговата/нејзината позадина.

2. Континуирани тематски обуки за обучување на наставен кадар кој ќе биде подготвен да се адаптира на брзите промени/воведените новини во општеството, односно воспитно образовниот систем.

**Сегмент: Опфат и квалитет на наставни програми и контрола на квалитетот на образованието;**

**ЦЕЛ 3:** Да се унапреди и соодветно примени екстерното проверување на постигањата на учениците како еден од механизмите на следење и контрола на квалитетот на образованието

**Мерки по цел 3:**

1. Детална анализа на постоечкиот начин на екстерно проверување на постигањата на учениците
2. Консултации со учениците и остварување соработка со психолозите и педагозите околу влијанието на тестирањето.
3. Дефинирање на начинот на негово надградување и усовршување.
4. Дефинирање и примена на препораки за подобрување на процесот на екстерното тестирање.
5. Развивање законски и подзаконски акти и нивно усвојување.
6. Унапредување на обученоста на студентите за евалуација на студиските програми од сите циклуси на високо образование, согласно Европските стандарди и насоки за квалитет на високото образование (ESG)
7. Активно учество на студентите во подготовката на методологијата и прашалниците за оценување на наставниот кадар во високото образование

**ЦЕЛ 4:** Соодветна застапеност и третман на содржините од сексуалното образование во процесот на формална и неформалната едукација.

**Мерки по цел 4:**

1. Креирање на широка платформа (образовни институции, граѓански сектор, ресорни државни и меѓународни институции) за спроведување анализа на фактичката состојба и можностите за креирање на моделот за сексуално образование.
2. Анализа на наставните содржини за сексуално образование.
3. Анализа на можностите за проширување на знаењата за сексуалното воспитание и образование согласно возраста на учениците.
4. Согласно анализата да се направи дополнување на наставните содржини со теми базирани на најновите научни откритија согласно возраста на учениците.
5. Имплементација на одредени теми од содржините за сексуално воспитание и образование на пр. од наставните предмети: биологија, социологија и животни вештини, предавана од соодветен наставен кадр за наведените наставни предмети или од специјализирани стручни лица од областа на сексуалното воспитание и образование како ко-предавачи за одредени теми.

6. Интензивирање на соработката меѓу основните и средните училишта од една страна и граѓанскиот сектор, како и соодветните факултети од друга страна.

7. Анализа и евалвација на нивото и на начинот на спроведување на сексуална едукација во основното и средното образование, како составен дел од наставните програми од животни вештини и биологија.

8. Организирање на обуки за наставните кадри за темата сеопфатно сексуално образование.

**ЦЕЛ 5:** Да се овозможи пристап на секоја образовна институција до референтни бази од современата и прогресивна литература.

**Мерки по цел 5:**

1. Истражување и анализа за достапноста на светските енциклопедии, истражувања и техники

2. Креирање препораки за експанзија на достапноста на бази.

3. Ажурирање на сопствени дата-бази, каде институциите ќе објавуваат литературни и научни трудови и дела.

4. Евалвација на ефикасност и искористеност на надградените бази.

5. Анализа на застапеноста на соодветната литература на ниво на светски и домашни автори.

6. Препораки за дополнување на базите со соодветна литература.

**Сегмент: Образовни политики, пристап и учество на младите во процеси на креирање образовни политики**

**ЦЕЛ 6:** Да се утврди систематски пристап при донесување на образовните политики со заснован на анализи и истражувања, а во согласност со меѓународни стандарди и најдобри практики,вклучувајќи ги младите во сите фази.

**Мерки по цел 6:**

1. Изработка на анализа од страна на независно тело која ќе ја истражи потребата за промена на начинот на носење и спроведување на јавни политики во образованието.

2. Изготвување на сет од препораки за унапредување, базирани на анализата, и нивно усвојување од страна на надлежните, во консултација со засегнатите страни.

3. Воспоставување процес на мониторинг врз спроведување на препораките.

4. Спроведување на временски предвидена и планирана евалвација за оценка на ефектите од промената на системот на носење одлуки во образованието.

5. Идентификување и примена на меѓународни стандарди и политики.

6. Ревизија на соодветноста во примената на меѓународните стандарди и политики кои Македонија веќе ги имплементира (пр. Спроведувањето на Болоњскиот систем).

7. Утврдување на меѓународни стандарди и политики преку нивно инкорпорирање во новата програма за развој на образование или во нејзиното отсуство, во индивидуален стратешки документ.

8. Овозможување услови за создавање на независни и автономни форми на ученичко и студентско организирање.

9. Овозможување формално правно учество на учениците во процесите на одлучување на ниво на училиште.

10. Унапредување на процесот на усвојување и имплементација на јавни образовни политики, односно утврдување фази и форми за поактивно учество на учениците, студентите во консултациите со надлежните органи.

11. Градење култура за активно учество на студентите и учениците во креирањето на јавните политики.

12. Утврдување и примена на методологија со која се следи респонзивноста на Министерството и останатите државни институции од областа на образование на барањата доставени од младите, односно учениците и студентите.

**ЦЕЛ 7.** Доследно и конзистентно спроведување на образовните политики

**Мерки по цел 7:**

1. Изготвување на анализа со цел утврдување конфликт на надлежности и недостаток на прецизно утврдена надлежност, во вертикалната и хоризонтална институционална поставеност.

2. Одржување на средби и конференции со цел да се стимулира меѓуресорската и институционална соработка.

3. Креирање на мешани работни и експертски групи анализа на политики и креирање препораки.

4. Спроведување на анализа за оценка на ефективноста на административните процедури, која ќе вклучува и проценка на степенот на задоволство и став околу административните процедури од страна на наставничкиот, професорскиот и административниот кадар во образовните институции.

5. Утврдување на систем на евалвација на образовните политики и административни практики.

6. Анализа на ефективноста на санкциите, вклучително и споредба со алтернативни методи за унапредување на личната сатисфакција на едукаторот како претпоставка за подобрување на перформансот.

**ЦЕЛ 8.** Да се прилагоди правната рамка на неформалното образование во согласност со природата на младинскиот сектор и со широка примена на ЕУ-стандарди.

**Мерки по цел 8:**

1. Проширување на критериумите за понудувачи на НФО акредитирани од државата, односно примена на европските препораки и насоки за идентификување и акредитација на неформалното образование, земајќи ги предвид специфичностите на младинскиот сектор.

2. Акредитација на младинските и други граѓански организации кои нудат неформално образование.

3. Признавање, споредливост и пренос на вештини и знаења преку примена на механизми слични на Europass.

4. Редовни истражувања за социоекономското влијание на неформалното образование.

5. Поддршка за унапредување на квалитетот при реализирање на неформалното образование.

6. Понатамошна промоција на концептот за неформално образование пред останатите социјални партнери, особено субјектите на пазарот, во делот признавање на стекнатите вештини и компетенции.

**Сегмент: Социјална интеграција на маргинализирани групи преку образованието и услови за работа и учење**

**ЦЕЛ 9:** Да се постигне значајна вклученост и интеграција на децата и младите со посебни потреби во образовниот систем.

**Мерки по цел 9:**

1. Обука на постоечки наставен кадар и постоечките стручни служби и ангажирање дополнителен кадар, онаму каде што е потребно.
2. Меѓуинституционална соработка и координација и соработка со ГО.
3. Анализа на постоечка состојба за постоење и примена на асистивни технологии.
4. Мапирање на потреби.
5. Соработка и имплементирање на проекти помеѓу институции и ГО.
6. Обука на кадар за примена на асистивни технологии.

**ЦЕЛ 10:** Да се подобри поддршката за деца и млади кои се едукативно и воспитно запоставени.

**Мерки по цел 10:**

1. Анализа на постоечката состојба.
2. Изработка и имплементација на програма за социјално исклучени деца и млади.
3. Мониторинг и евалвација на програмата за социјално исклучени деца и млади.
4. Анализа на постоечката состојба со деца и млади чија возраст не соодветствува на обрасците во постоечкиот образовен систем.
5. Воспоставување на меѓуинституционална соработка.
6. Изработка и имплементирање на програма за „фантом“ деца.
7. Мониторинг и евалвација на програмата за „фантом“ деца.

**ЦЕЛ 11:** Соодветно вклучување во образовниот процес на децата со посебни потреби и интереси (талентирани, натпросечно интелигентни деца, хиперактивни деца, деца со дислексија итн.)

**Мерки по цел 11:**

1. Мапирање на потребите.
2. Анализа и дефинирање на пристап и соработка на институции и ГО.
3. Анализа на постоечките наставни програми за деца со посебни потреби и интереси и по потреба адаптирање и изготвување на нови програми.
4. Имплементирање и мониторирање на програмите.
5. Обука на постоечки кадар.
6. Ангажирање на дополнителен кадар.
7. Обука на стручна служба.

**ЦЕЛ 12:** Да се подобри понудата на неформално образование за специфични групи на деца и млади.

**Мерки по цел 12:**

1. Воспоставување на соработка на ГО и институции.
2. Анализа на потребите.
3. Изготвување на програми и имплементирање.
4. Отворање едукативни центри.
5. Ангажирање на соодветен кадар.

**ЦЕЛ 13:** Да се развие систем за заштита на личните податоци на децата и на младите во образовниот систем.

**Мерки по цел 13:**

1. Анализа на постоечките програми по предметите: работа со компјутери, информатика и проекти од информатика, со цел воведување препораки од аспект за заштита на лични податоци.

2. Анализа на постоечките програми по предметот животни вештини, со цел воведување препораки аспект за заштита на лични податоци.

3. Кампања за широко информирање по однос на заштитата на личните податоци.

Носители на мерките од областа Образование се: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование, Државен просветен инспекторат, Државен испитен центар, Центар за стручно образование и обука, Центар за образование на возрасни, јавни и приватни високообразовни установи, основни и средни училишта, единици на локална самоуправа, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за труд и социјална политика и Дирекција за заштита на лични податоци.

Тематска област:

## ВРАБОТУВАЊЕ И ПОДДРШКА ПРЕД ВРАБОТУВАЊЕ

(Само)вработувањето претставува важна етапа во осамостојувањето на секој млад човек, клучен чекор на процесот на себереализација и неговата трансформација во рамноправен и активен чинител на едно општество. Вработувањето најчесто претставува и прв чекор кон достигнување на финансиска и социјална независност и како таков е една од главните детерминанти за премин кон светот на возрасните, тесно поврзан со квалитетот на живот на младите луѓе, нивната самодоверба, можностите за мобилност, но и практични одлуки поврзани со домувањето, градење на семејство и трасирање на патот на идниот професионален и кариерен развој.

Земајќи ги предвид влијанијата кои ова прашање ги има врз општиот квалитет на живот на младите, младинската (не)вработеност несомнено опстојува како еден од клучните приоритети и детерминанти за степенот на развој на едно општество. Истовремено, надминувањето на состојбата со висока младинската невработеност бара системски, комплементарен и координиран пристап на различни полиња и политики (образование, труд и социјална заштита) заради комплексноста на факторите кои влијаат на нејзиното создавање.

Главни аспекти на младинската (не)вработеност се времето потребно за премин од образование во работа, искористеноста односно неискористеноста на младите како работна сила - не само во смисла на нивно вклучување во активната популација туку и нивно поставување на работни места кои се во согласност со нивните квалификации (заради целосно искористување на нивниот потенцијал), како и карактеристиките на работните места на кои се вработени младите (определено/неопределено, самовработување, цело/парцијално работно време итн.).

Како клучни предизвици кои влијаат на нивото на невработеност кај младите се издвојуваат општата економска состојба во земјата која пред сè резултира со недостиг на соодветна понуда на работни

места по обем и квалитет. Честопати се потенцира од страна на работодавците дека младите не поседуваат компетенции кои се барани на пазарот на трудот, а дел од младите сметаат и дека потребно е да се најдат долгорочни и системски интервенции кои ќе помогнат во надминување на младинската невработеност. Потребно е да се вложат напори за промена на големата резигнираност и демотивираност кај младите во процесот на (само) вработување како и да се зголеми поддршката за младинското претприемништво.

Во согласност со утврдените клучни предизвици во областа вработување и поддршка пред вработување, се предвидуваат соодветни долгорочни цели и специфични мерки преку кои ќе се делува кон решавање на наведените проблеми.

**ЦЕЛ 1:** Креирање на достапни можности за сите млади да се стекнат со компетенции (знаења, ставови, вештини) кои се барани на пазарот на трудот.

**Мерки по цел 1:**

1. Стратешко усогласување на образовната понуда со потребите на бизнис-секторот – профили и компетенции кои се барани на пазарот на трудот на локално и национално ниво.
2. Континуирана анализа на вработливоста (employability) на дипломците со цел унапредување на образовната ефективност.
3. Стимулирање на стипендирањето, (платено/неплатено) практикантство и вработување од страна на бизнис-заедницата (вкл. МСП) во директна соработка со образовните установи.
4. Промоција на клучните компетенции[5] како интегрален дел од основното образование и обука.
5. Подигање на свеста за потребата од доживотно учење и стимулирање на личната одговорност за вклучување во континуирано образование и обука.
6. Поддршка на провајдерите на неформално образование за минимум достапна понуда на обуки за „меки“ вештини во секоја општина.
7. Промоција на практиката за преквалификација и доквалификација на кадри како дел од понудата на високообразовните институции.
8. Понуда на вокационо образование и обука согласно локалниот пазар на труд во рамки на секоја општина.
9. Препознавање на компетенциите стекнати преку системот на неформално образование
10. Поттикнување на култура на практикантство кај младите за време или веднаш по комплетирање на образованието.
11. Стимулирање на бизнис-заедницата за подобро користење на бенефитите од практикантство.
12. Промоција на практики на флексибилно работно време (делумно работно време, компензација по час, работа од дома...)

**ЦЕЛ 2:** Промоција на долгорочен и меѓусекторски пристап во политиките за помош за вработување на млади

**Мерки по цел 2:**

1. Промоција на локални и национални политики кои долгорочно и одржливо го таргетираат прашањето на младинска невработеност.
2. Политики „по мерка“ за различни категории невработени млади (ранливи групи, НЕЕТ, структурално невработени, самовработени, корисници на финансиска помош).

[5] Осум клучни компетенции за живот и работа во европско општество дефинирани од Советот на Европа.

3. Достапен и ефективен систем на професионална ориентација.

4. Поддршка на општините/високообразовните институции во отворање на центри за кариера и поддршка на претприемништво достапни за секој млад човек.

5. Имплементација на специфична мултисекторска политика за агресивно намалување на младинската невработеност (пр. Youth Guarantee).

**ЦЕЛ 3:** Младите како проактивни и креативни партнери во процесот на надминување на невработеноста

**Мерки по цел 3:**

1. Поддршка на иницијативи кои ќе градат и промовираат слика за младите како одговорни, способни и иновативни лидери на различни места во професионалниот свет.

2. Развој на младинската работа како дел од системот за поддршка на вработување.

3. Промоција на вработување и награда по заслуга во рамки на администрацијата.

4. Зголемување на транспарентноста при вработувањата.

5. Промоција на придобивките од квалитетна работна сила и напредување по заслуга кај бизнис-заедницата.

6. Подигање на свеста на бизнис-заедницата за важноста од инвестирање во човечките ресурси.

7. Промоција на проактивноста и конструктивната компатибилност како вредности во образованието и обуката.

8. Подигнување на личната одговорност за сопствената иднина.

**ЦЕЛ 4:** Обезбедување на систематска и координирана поддршка за развој на младинско претприемништво

**Мерки по цел 4:**

1. Промоција на младите како успешни претприемачи.

2. Промоција на претприемништвото како валиден и посакуван модел на професионален развој.

3. Воведување на финансиско образование како дел од основното образование и обука.

4. Интегрирање на претприемничкото образование и вредности во основното, средното и високото образование.

5. Стимулирање на развојот на достапни и квалитетни програми за претприемништво во рамки на понудата на неформално образование на целата територија на земјата;

6. Специфични политики и олеснувања за самовработени млади и за бизниси водени од млади (намалени даноци, помалку административни обврски...).

7. Обезбедување систематска поддршка (обука, советување, тренинг) за сите бизниси водени од млади во тек на првите 3 години.

8. Стимулирање на отворање на бизнис-инкубатори и центри за поддршка на нови бизниси и МСП водени од млади.

9. Поволни финансиски линии за кредитирање на млади претприемачи.

10. Поддршка на младите претприемачи за интернационализација и глобализација на нивните бизниси.

Носители на мерките предвидени со оваа област се Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за млади и спорт, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, Министерство за локална самоуправа и Социјалните партнери.

Тематска област:
## КУЛТУРА

Културата е фактор кој го поттикнува цивилизацискиот развој, ја зголемува општествената кохезија и ја профилира сликата на една држава во меѓународни рамки (дефиниција од национална стратегија за развој на култура). Таа вклучува збир на мерки и активности за подобрување на културно-рекреативниот живот и културна понуда за младите луѓе во Македонија, која што опфаќа музика, театар, филм, книжевност, издаваштвото, сликарството, вајарството, современиот танц итн. Во полето на култура има многу малку достапни податоци коишто се однесуваат на младите на национално ниво. Генерално, стратегиите и политиките кои ги спроведува Министерството за култура се однесуваат на културата како област, но не и специфичното поврзување на културата со младите.

Клучни предизвици дефинирани во оваа област се: недостатокот на редовни културни настани за млади (концерти, мултимедијални настани) во места надвор од Скопје, незаинтересираност кај младите да посетуваат културни настани и културни институции, но и новата медиумската култура која се наметнува кај младите за сметка на книжевноста, за која нема доволно медиумска писменост. Младите многу ретко имаат интерес за креативно уметничко творење во организирана форма и тие за жал не го познаваат влијанието на медиумската култура како и манипулациите кои креираат негативен контекст за туѓата култура.

Овие клучни предизвици понатаму предизвикуваат зголемување на јазот во разбирањето и знаењето за развој на култура помеѓу младите во Скопје и младите кои живеат надвор од Скопје, намалување на креативниот потенцијал кај младите луѓе, посебно за оние кои живеат надвор од Скопје, намалување на бројот на млади кои читаат книги, а за сметка на тоа зголемување на младите кои добиваат информации од медиумите. Дополнително неадекватните содржини на медиумите за културата може негативно да влијаат кај младите при дефинирањето на културниот идентитет и разбирањето на другите култури.

Во согласност со утврдените клучни предизвици во областа култура, се предвидуваат соодветни долгорочни цели и специфични мерки преку кои ќе се делува кон нивно решавање.

**ЦЕЛ 1:** Унапреден и одржлив систем на креативни и културни практики кај младите

**Мерки по цел 1:**

1. Истражување/мапирање на постоечките програми во средни училишта со цел нивно надополнување и поголема застапеност на културни содржини.

2. Воспоставување на контролен механизам за проверка на застапеноста и видот на културни содржини во програмите.

3. Воспоставување на алатки за следење на образовните трендови во Европа.

4. Анализа на квалитетот и квантитетот на постоечката практика поврзана со културното и креативно творење на студентите.

5. Изработка на ефективни програми кои ќе понудат достапност и практична улога за младите и студентите во креативното творење на младите.

6. Зајакнување на капацитетите на институциите за овозможување на соодветна практика за студентите.

7. Нови ефективни иновативни програми за развој на капацитети кај младите за креативно творење (обуки и курсеви) и надградување на веќе постоечките капацитети.

8. Воспоставување на нов фонд од страна на Министерството за култура за иновативни проекти и индустрии креирани и спроведувани од млади.

**ЦЕЛ 2:** Подобрен квалитет на културно-забавниот живот на младите

**Мерки по цел 2:**

1. Анализа на постоечките програми за културни активности на национално и локално ниво.
2. Креирање на годишни локални акциони акциски планови за култура за млади.
3. Поттикнување на соработка со аматерски културни асоцијации.
4. Поттикнување на образовните институции за да овозможат услови за музички, драмски, ликовни активности на младите.
5. Децентрализација на културните настани (фестивали, концерти итн.).
6. Мапирање на функционални културни места
7. Редовни структурирани средби помеѓу културните чинители за поттикнување на соработка.
8. Поврзување на функционални културни институции и нивно поврзување со локална самоуправа со релевантни чинители (НВО, културни друштва, уметници).
9. Меѓународно вмрежување на културни институции.
10. Отворање на нови културни места во општините каде нема.
11. Креирање на мапа на културни објекти и установи за млади.
12. Користење на нови технологии (ИТ-апликација која ќе дава информации за културната понуда на локално ниво.).
13. Анализа на квалитетот и квантитетот на постоечките медиумски содржини од областа на културата.
14. Воведување квота за задолжително емитување на културно-забавна програма за младите.
15. Воведување на програмски содржини во јавниот сервис иницирани од младите.
16. Соработка меѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги и културните асоцијации во мониторинг и анализа на медиумската понуда од областа на културата за младите.
17. Поддршка за воспоставување младински медиумски канал во рамките на јавниот сервис.

**ЦЕЛ 3:** Еднаков пристап на младите до квалитетна културна понуда и можности за културна соработка

**Мерки по цел 3:**

1. Анализа на културната понуда на територијата на РМ која е достапна за младите, со цел еднакво распределување на културната понуда.
2. Изготвување на национална програма на разновидни културни активности распределени на територијата на РМ со цел достапност и задоволување на потребите на младите.
3. Меѓуинституционална соработка на локално ниво и пронаоѓање на начини на соработка со бизнис секторот.
4. Воспоставување редовен систем за информирање, доближување и запознавање на ЕУ програмите/можностите (преку настани, кампањи, работилници, обуки) за младински иницијативи и нивно репродуцирање преку европските програми.
5. Јакнење на капацитетите на културните чинители за подготовка на проекти во рамките на програмите на ЕУ за култура.
6. Поддршка на процеси за воспоставување на партнерства во државата и надвор од неа со студентски посети.

**ЦЕЛ 4:** Младите се вклучени во креирање и спроведување на културните политики

**Мерки по цел 4:**

1. Идентификување на можности за вклучување на младите во процесите на креирање политики за култура.
2. Информирање на младите за можностите за учество во креирање и спроведување на културните политики.
3. Поттикнување меѓуопштинска соработка.
4. Промовирање на традиционалните културни вредности (занаетчиство, етнокултура) со цел нивно зачувување.
5. Проширување на опсегот на работа и финансирањето на локалните младински совети со цел вклучување на културни активности.

Носители на мерките од областа Култура се: Министерство за култура, Министерство за труд и социјална политика, образовни институции, културни институции на локално ниво, единици на локална самоуправа, медиуми, Македонска радио-телевизија, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Министерство за информатичко општество и администрација и бизнис-секторот.

## Тематска област:
## СПОРТ

Спорт претставува секоја форма на физичка активност преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичката подготвеност и менталната благосостојба, создава социјални врски или пак постигнува резултати во натпреварување на сите нивоа. Спортот придонесува за личен и социјален развој преку креативни активности, рекреативни ангажмани и градење на здрави животни навики кај индивидуите, а особено оваа активност помага за физичка и ментална благосостојба кај младите луѓе. Спортот е дел и од Уставот на РМ каде во член 47 став 5 се вели „Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот", следствено на тоа спортот треба да биде непроменлив сегмент од развојот на секоја генерација.

Како клучни предизвици во областа се јавуваат недостатокот на поголема поддршка од државата, локалната самоуправа и федерациите кои треба редовно и целосно да ја следат состојбата со развојот на спортот. Потребна е евалвација на вложените средства наспрема резултатите и бројот на вклучени млади. Особено средствата на локалната самоуправа треба да се користат за масовни спортови за сите млади, а многу поретко за индивидуални спортови (или стипендирање на поединци). Одливот на лимитирани средства за спортот на т.н. врвни спортови треба да се контролира, а тие да добиваат средствата најмногу преку продажба на телевизиски права, спонзорства, билети и слично.

Принципот и програмата за „Спорт на сите" постои, но не е целосно функционален за да овозможи секој поединец да учествува во спортот и притоа да осигури дека сите млади луѓе имаат можност да се здобијат со физичко образование, насоки и можности за стекнување основни спортски вештини како што се моториката, спортското здравје итн. За развивање на спортот кај младите потребна е соработка на сите засегнати страни вклучувајќи тука децентрализиран пристап и соработка на локално ниво, како и активно вклучување на граѓанскиот сектор.

Досега нема поврзување на спортот со директна едукација за безбедност и здравје во спортот, хигиена во спортот, тимска работа, одговорност, етички и морални вредности, ненасилство, толеранција, спортска етика. Во законот за спорт, младите се спомнуваат само во делот на „грижа и поддршка на училиштен и факултетски спорт“ што е главна замка за занемарување на целата област. Во согласност со утврдените клучни предизвици во областа спорт, се предвидуваат соодветни долгорочни цели и специфични мерки преку кои ќе се делува во оваа област.

**ЦЕЛ 1:** Креирање на одржлив систем за мотивирање на младите за нивно редовно вклучување и активно спортување

**Мерки по цел 1:**

1. Истражување на постоечките услови во кои младите можат да практикуваат спорт и пристап до објектите.
2. Креирање на независни програми за вклучување на младите во спортски активности со особен фокус на три категории: 13 до 18, 19 до 23 и 24 до 29.

**ЦЕЛ 2:** Еднаков пристап на сите млади до спортски објекти и активности кои се нудат за ментално и физичко здравје

**Мерки по цел 2:**

1. Анализа на достапноста до сите спортски капацитети.
2. Одлуки за редовни термини.
3. Подготовка на мониторинг план за процент на вклученост кај младите.
4. Мапирање на локации според потребите.
5. Граѓански средби соработка и поттикнување на младите за активно учество.
6. Овозможување на нови локалитети за „консумирање“ спорт.
7. Креирање на членски картички за ученици,студенти,млади невработени,млади родители.

**ЦЕЛ 3:** Сеопфатна соработка на сите институции во државата кои придонесуваат во спортот и промоција на „Спорт за сите“

**Мерки по цел 3:**

1. Меѓуинституционална соработка на сите нивоа, особено на локално ниво.
2. Подготовка на програма за развој и следење.
3. Доставување на препораки до Владата на Република Македонија и релевантните институции.

**ЦЕЛ 4:** Зголемен процент на млади лица се вклучени во креирање и спроведување на политики за развој на спортот

**Мерки по цел 4:**

1. Развивање на програма за вклучување на младите кои не се занимаваат со врвен спорт.
2. Програма за поттикнување на активна соработка на училиштата со локалните спортски клубови, граѓански здруженија и национални спортски федерации.
3. Промоција на значењето од спортот.
4. Не формално тело/неформални тела низ Македонија за едукација и промоција за активно вклучување во спортот и спортската политика.

5. Практикување на активно учество на младите преку соодветни програми.

6. Креирање на можност за независни спортски тела на млади кои ќе се бават со спорт и креирање на независни спортски политики, во корелација со законските обврски.

7. Едукација и поддршка во подготовка на програма за млади кои имаат попреченост во развојот.

Носители на мерките предвидени со оваа област се Агенција за млади и спорт, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Влада на Република Македонија, единици на локална самоуправа, спортски федерации, Факултет за физичко образование,спорт и здравје, образовни институции, граѓански организации, бизнис сектор.

**ЦЕЛ 5:** Креативни годишни активности кои се наменети за млади на возраст од 15 до 22 години за редовно поттикнување за учество во спортот.

**Мерки по цел 5:**

1. Посвета на секој месец – посебен спорт

2. Креирање на систем за награди и мотивација на најактивните млади

3. Анализа на можноста за евиденција за прекумерна тежина и булимија кај младите

4. Формирање на клубови на родители и деца

5. Спортски лиги

6. Соработка со Министерството за образование и АМС со Факултетот за спорт за креирање на нова модерна програма со креативен пристап до младите

7. Утврдување на можноста за интервенција во високото образование.

8. Креирање на предлог-програма за развој на спорт кај младите кои го продолжуваат образованието

9. Создавање на услови за стратегија за млади кои не го продолжуваат образованието

## Тематска област:
## ЗДРАВЈЕ

Здравјето е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци[6] .Токму затоа оваа тема во рамките на стратегијата вклучува повеќе важни компоненти чија заложба не е само да се чува и да се унапреди здравјето на младите луѓе, туку и да се придонесе кон севкупната благосостојба на населението. Целта е преку интегрирани здравствени политики, фокусирани на превентивни програми, комбинирани со пристап на споделување на информации и промовирање на здрави животни стилови да се заштити здравјето на младите луѓе. На овој начин, преку инвестирање во превенција, директно се влијае на намалување на појавите на хронични и заразни болести и се подобрува квалитетот на животот.

Клучните предизвици во областа здравје се поврзани со растечкиот тренд на ризични однесувања меѓу младите во Македонија поврзани со сексуално и репродуктивно здравје, зголемената тенденција на употребата на алкохол, тутун и психоактивни супстанци, зголемената појава на случаи на насилство (врсничко и родово базирано), силеџиство, повреди меѓу младите, млади на улица и запоставување, зголемени последици од неправилна исхрана, прекумерна тежина, анорексија и булимија како и зголемен број случаи на повреди и смртност кај младите како последица на сообраќајни несреќи. На овие предизвици се

[6] Дефиниција според Светска здравствена организација

надоврзува и недостаток на центри за поддршка, третман, рехабилитација и ресоцијализација за луѓе што живеат со ХИВ, хепатит, лица кои употребуваат психоактивни супстанци и други видови зависности, недоволната достапност на квалитетни здравствени услуги за ранливите групи на млади луѓе, слабата информираност на младите за програмите и активностите кои се имплементираат од страна на различните институции и организации, недостатокот на активности за идентификација и третман на менталните нарушувања на здравјето кај младите луѓе, советување за самоспознавање и интервенции и слабото ангажирање околу фокусирани ранливи групи и скенирање на нивното севкупно здравје и потребна поддршка.

Во согласност со утврдените клучни предизвици во областа здравје, се предвидуваат соодветни долгорочни цели и специфични мерки преку кои ќе се делува.

**ЦЕЛ 1:** Да се намали ризичното однесување (поврзано со СРЗ, употреба на тутун, алкохол и ПАС) и насилство кај младите во Македонија на возраст од 15 до 25 години до 2025 година

**Мерки по цел 1:**

1. Зголемување на достапноста на програмите за превенција на болести на зависности кај младите лица
2. Зголемување на достапноста на специфични програми за унапредување на СРЗ кај младите
3. Сеопфатно сексуално образование во образованието
4. Намалување на цените на контрацепционите средства
5. Зајакнување на капацитетите на службите за Брза помош за препознавање и третман на предозирање од психоактивни супстанции
6. Формирање на информативен центар во рамки на АМС кој ќе има за задача да развива програми/активности и пристапи за подобра информираност на младите со поставена листа на одговорни институции и услуги кои ги нудат
7. Создавање на мобилна апликација- советник за здравствени услуги
8. Промоција на пакет бесплатни услуги за млади девојки и жени

**ЦЕЛ 2:** Да се подобрат условите за дедукција на ментално здравје и однесување кај младите во Македонија

**Мерки по цел 2:**

1. Изработка на програми за унапредување на менталното здравје.
2. Ревитализација на центрите за ментално здравје.
3. Засилена соработка на стручните служби во училишта за препознавање на насилно однесување и жртви на насилство (родово-базирано и друг вид насилство).
4. Промоција и зголемување на капацитетите на центрите за социјална работа.
5. Врснички едукации.
6. Сензибилизацијана професионалците за постапување со млади престапници.

**ЦЕЛ 3:** Да има здрави навики за исхрана кај младите на возраст од 15 до 19 години

**Мерки по цел 3:**

1. Редовни систематски прегледи кои ќе вклучат следење на развојот на децата.
2. Да се направи лична програма за секое дете во средно училиште.

3. Промоција на здрави стилови на живеење.
4. Воведување на континуираната медицинска едукација за теми од оваа област .
5. Вклучување на здравствени работници во обуките за превенцијата на зголемена телесна тежина, анорексија и булимија.

**ЦЕЛ 4:** Да се зголеми свесноста кај младите за одговорностите при учество во сообраќајот

**Мерки по цел 4:**

1. Подигање на свесноста и сообраќајната култура на младите.
2. Воведување на дополнителни часови за безбедност во сообраќајот .
3. Воспоставување на систем на психолошки советувања во и вон рамките на образовниот систем за намалување на агресијата кај младите.
4. Воспоставување соодветна инфраструктура за безбедно вклучување на сите учесници во сообраќајот (велосипедски патеки, пешачки премини, соодветна сигнализација, и др.).

**ЦЕЛ 5:** Да се овозможи еднаков пристап до здравствена заштита за сите младите

**Мерки по цел 5:**

1. Отворање на пунктови за добивање на соодветни документи со кои се овозможува здравствена заштита блиску до живеалиштата.
2. Зголемување на капацитетите на здравствениот кадар за работа со ранливи групи млади.
3. Надградба и унапредување на постоечката инфраструктура за подобрен пристап до установите за млади лица со посебни потреби.
4. Промоција на доброволно тестирање за Хепатитис Ц и ХИВ.
5. Изработка на стандардизирана програма за промоција на здравјето и унапредување на здрави животни стилови, која во себе вклучува и сеопфатно сексуално образование.

**ЦЕЛ 6:** Да се формираат услови за непречена рехабилитација и ресоцијализација на ранливи категории на млади

**Мерки по цел 6:**

1. Формирање на центри за рехабилитација и ресоцијализација.
2. Ангажирање и работа со лица кои употребуваат дрога.
3. Развивање на советувалиштата за семејно здравје и подобрување на услугите за психолошка поддршка во и вон здравствените установи.
4. Усвојување на протокол за третман на малолетни лица кои употребуваат ПАС.
5. Зајакнат капацитет на центрите за лекување на болести на зависност за работа со малолетници.

Носители на мерките предвидени со оваа област се Агенција за млади и спорт, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Институт за јавно здравје, Биро за развој на образованието, Министерство за внатрешни работи, Агенција за лекови и медицински средства, Центри за социјална работа, Републички совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, единици на локална самоуправа, Медицински факултет, граѓански организации, бизнис сектор.

**Тематска област:**
## КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

Под квалитет на живот се подразбира генералната благосостојба на индивидуите и општеството. Квалитетот на живот во себе вклучува широк спектар на полиња меѓу кои се меѓународен развој, здравје, политика и вработување. Стандардните индикатори за квалитет на живот не го вклучуваат само економскиот елемент (вработување и примања) туку и животната средина, физичкото и менталното здравје, образованието, рекреацијата, слободното време и припадноста на социјалните кругови. Дополнителни сегменти кои влијаат на квалитетот на живот се и слободата, човековите права и среќата. Квалитетот на живот не треба да се поистоветува со концептот на животен стандард кој најголем фокус има исклучиво на економската стабилност и примањата.

Тематската област квалитет на живот во себе содржи елементи од сите досега обработени тематски области, но истовремено се фокусира и на нови кои директно не припаѓаат под постоечките области.

Најголеми проблеми со кои се соочуваат младите во Република Македонија, а од кои директно зависи квалитетот на живот на младите луѓе се малите можности за осамостојување на младите, преку вработување, нискиот младински стандард, несоодветниот рурален развој кој дополнително ја отежнува состојбата на младите во руралните средини, влошениот квалитет на воздух и уништувањето на животната средина кои директно влијаат на влошување на квалитетот на живот не само кај младите, туку кај целата популација.

Проблемите со големата невработеност кај младите се во најголем дел опфатени во тематските области образование и вработување, па затоа и нема да бидат подетално обработени во овој сегмент, но мора да се потенцира дека останува од клучна важност да се имплементираат приоритетите наведени во овие две области, со цел да доведат до значајно подобрување на квалитетот на живот на младите во следните 10 години.

Нискиот младински стандард во себе опфаќа поголем број проблеми меѓу кои особено значајни се средношколскиот и студентскиот стандард, како и можностите и условите што се нудат во средношколските/студентските домови. Потребно е итно реновирање на сите капацитети на средношколски и студентски домови, нивно соодветно одржување и отворање нови средношколски и студентски домови со современи капацитети, согласно потребите низ целата држава. Младите како носители на иднината на државата мора да имаат можност да се образуваат и живеат во соодветни услови како рамноправни граѓани во држава со европска перспектива и стандарди.

Во овие рамки се вклучува и потребата од создавање автентични претставнички средношколски и студентски здруженија кои ќе ги застапуваат нивните интереси и ќе се борат за постојан развој на средношколскиот и студентскиот живот преку овозможување квалитетни услови за живот и учење, широка културна понуда за младите, поголем број програми за мобилност и учење, организирано учество на меѓународни научни натпревари, конференции и специфични можности за напредок на младите средношколци и студенти.

Областа квалитет на живот во себе ги вклучува и еднаквите можности за сите млади, односно во овој конкретен контекст се однесува и на младите кои живеат во руралните средини. Потребни се дополнителни напори за обезбедување еднакви услови и можности за овие млади кои во состојба на нерамномерен локален развој честопати се наоѓаат на маргините, оставени да се борат со истите проблеми како и сите други млади, но со далеку полоша патна инфраструктура, послаб пристап до културни, развојни и социјални програми, потежок пристап до развиени технологии и услови за социјални иновации. Младите во руралните средини имаат специфични потреби кои мора да се разгледаат во детали и на истите да се одговори со креирање специфична стратегија за рурален развој на младата популација.

Заштитата на животната средина иако не е помеѓу детално дефинираните области од интерес за младите во оваа стратегија, таа е од особено значење во квалитетот на живот и во тесна поврзаност со здравјето на младите. Во состојба кога квалитетот на воздухот е на загрижувачко ниво, подготвеноста за справување со катастрофи и елементарни непогоди на ниско ниво, од посебен интерес за младите се и овие сегменти, кои служат како основа за обезбедување соодветни услови за живот за идните генерации. Младите во Република Македонија треба да имаат можност да учат многу повеќе за справување со климатските промени и да можат да работат на градење капацитети за справување со кризи и други елементарни непогоди.

Областа квалитет на живот како најкомплексна област иако не може преку едноставни индикатори да го мери целокупниот напредок, мора во себе да ги вклучи сите овие заложби и потреби на младите со цел да обезбеди услови за понатамошен развој на младите индивидуи во активни и прогресивни граѓани кои се борат за унапредување на целокупниот индивидуален и општествен развој.













# КЛУЧНИ АКТЕРИ И НИВНИ УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ

Спроведувањето на Националната стратегија за млади мора да обезбеди широка вклученост на сите засегнати страни и клучни актери кои дејствуваат директно или индиректно во младинскиот развој во државата. Сите засегнати страни мораат да преземат одговорност за придонес кон спроведувањето на стратегијата имајќи ги предвид ограничените расположливи капацитети на институциите. Целокупниот процес мора да обезбеди хоризонтално и вертикално поврзување на локалните и националните институции, приватниот сектор и младите како краен корисник на оваа стратегија. Улогите и одговорностите на секоја засегната страна е јасно наведена во оваа стратегија.

## Влада на Република Македонија

Владата како институција со извршна улога во развојот на Република Македонија има примарна улога во обезбедување на можности за спроведување на Националната стратегија за младите (НСМ), преку донесување и спроведување на кохезивни и координирани програми поврзани со мерките предвидени со НСМ. Владата ќе планира и спроведува реформи кои ги засегаат младите со адекватна координација со НСМ. Агенцијата за млади и спорт како тело на Владата одговорно за спроведување и координирање на младинските политики на национално ниво ќе има улога да врши мониторинг и известување за спроведувањето на НСМ на регуларна основа. При спроведувањето на НСМ, АМС и Владата ќе се водат според принципите и вредностите на НСМ и ќе дејствуваат транспарентно и отчетно со цел навремено известување и планирање на програми и проекти.

## Локална власт

Локалните институции ќе бидат целосно координирани со Агенцијата за млади и спорт при планирање и спроведување на локални програми за младински развој, а во согласност со предвидените цели и мерки на НСМ. Локалните власти ќе одржуваат продуктивна и конструктивна комуникација и соработка со младите и здруженијата на млади на локално ниво со цел соодветно спроведување на НСМ во инклузивен и консултативен процес.

## Граѓански сектор

Граѓанскиот сектор којшто спроведува програми и проекти за млади има голема одговорност за развојот на севкупниот живот на младите луѓе. Позитивниот пристап кон третирање на младинските проблеми треба да биде во паралела со усогласувањето на своите планови програми со целите и мерките предвидени со НСМ. Граѓанскиот сектор треба да ги насочи своите капацитети при јакнење на младите да бидат независни и самостојни, да бидат проактивни и бидат активни чинители во социополитичкиот развој на Република Македонија. Граѓанскиот сектор треба да ги промовира младинските работници како професионалци кои обезбедуваат силна поддршка на младите луѓе. Граѓанскиот сектор мора да соработува со локалните власти и со бизнис-заедницата со цел развивање на сеопфатен пристап кон адресирање на најгорливите проблеми на младите луѓе.

## Бизнис-заедница

Бизнис-заедницата треба да придонесе со споделување на своите ресурси со институциите и граѓанските организации при третирање на проблемите на младите луѓе на национално и локално ниво. Бизнис-заедницата треба да биде активен чинител кон јакнење на економскиот просперитет на младите луѓе на долгорочна основа.

## Образовни институции

Образовните институции се едни од најзасегнатите актери во младинскиот развој. Наставниот кадар во образовните институции е во секојдневна интеракција со младите луѓе и претставува главен чинител за развојот на младите луѓе како академски граѓани кои ќе придонесат за целосен развој на државата од социолошки, економски и политички аспект. Образованите установи треба да имаат соодветна и структурирана соработка со институциите, бизнис-заедницата, граѓанскиот сектор и младите.

## Родители/возрасни

Родителите се примарниот субјект во развојот на младите луѓе во проактивни граѓани. Родителите треба да бидат информирани за програмите и стратегиите за млади со цел постојано учење и примена на позитивните практики за воспитување и образование на младите луѓе. Родителите постојано треба да соработуваат и комуницираат со образованите установи со цел размена на информации и обезбедување на поддршка. Родителите треба да се стремат кон претставување на добар пример за младите луѓе.

## Медиуми

Медиумите треба да ги претставуваат соодветно младите и нивните потреби во јавноста, во силна соработка со институциите и граѓанскиот сектор кој е засегнат со младинските прашања. Медиумите треба да бидат алката која ги поврзува младите со возрасните и ја подигнува свеста за потребата од проактивност кон промоција и спроведување на НСМ. Медиумите треба соодветно да се грижат за влијанието врз угледот на младите луѓе при секојдневните содржини.

## Младите луѓе

Младите жени и мажи се главните корисници на Националната стратегија за млади. Меѓутоа, младите, исто така, треба да преземат одговорност за исполнување на обврските кои ги носи НСМ, да бидат активно вклучени и слободно да го изразат своето мислење. Доколку е во домен на нивен интерес, младите треба што поактивно да се вклучат во активностите за мониторинг и реализација на оваа стратегија.





*Спроведувањето на Националната стратегија за млади мора да обезбеди широка вклученост на сите засегнати страни и клучни актери кои дејствуваат директно или индиректно во младинскиот развој во државата*

# ПЛАН ЗА МОНИТОРИРАЊЕ

Процесот на следење на реализацијата и успешноста т.е. ефектот од спроведување на стратегијата ќе биде фокусиран на неколку нивоа и тоа:

- Следење и оценка на реализацијата на зацртаните активности и првичните излези кон кои тие придонесуваат.
- Следење и оценка на ефектот од остварување на групи резултати во рамки на тематските области.
- Оценка на севкупниот импакт на стратегијата согласно дефинираните стратешки приоритети.

За да може да се постават и соодветно да се спроведат прибирањето податоци и мерењето на успешноста согласно наведените три нивоа, потребно е веднаш по усвојувањето на стратегијата да се изработи посебен **План за следење на реализацијата и успешноста од спроведување на стратегијата**. Планот покрај информации за индикаторите, мерните инструменти, инструментите за прибирање податоци и распределба на обврските за следење и мерење на ефектите од спроведувањето на стратегијата, ќе предвиди и соодветни методи за поставување на почетната основа т.е. baseline за секој дефиниран индикатор, наспроти која ќе се врши оценка на постигнувањата (планирано наспроти реализирано) во дадениот временски период. Поставувањето на појдовна основа е процес кој методолошки ќе биде разработен и понатаму ќе се спроведува под координација на Агенцијата за млади и спорт, но во соработка со сите надлежни институции на национално и локално ниво кои ќе се јават во улога на реализатори на активности од стратегијата.

Самиот процес на следење на реализацијата и успешноста на стратегијата ќе биде координиран од страна на Агенцијата за млади и спорт, но фактичкото прибирање на податоци и известувањето ќе го спроведуваат сите институции кои ќе реализираат активности од стратегијата во рамки на своите програми. На квартално ниво ќе се прибираат потребните податоци од страна на институциите, додека известувањето ќе биде полугодишно и годишно и секако во функција на одредени плански процеси кои се одвиваат на национално ниво (на пример пред подготовката на буџетски циркулар за наредната година институциите ќе треба да доставаат податоци за остварување на активностите од стратегијата до тогаш). Заради унифицирање и полесна координација на процесот Агенцијата за млади и спорт во рамки на Планот за следење и оценка на успешноста од спроведувањето на стратегијата ќе подготви сет алатки/формати во кои институциите ќе ги презентираат прибраните податоци, како и посебни формати за известување базирани на остварување на зацртаните резултати и цели на полугодишно односно на годишно ниво.

Во текот на реализацијата на стратегијата се планира една процесна евалвација на крајот на првите три години од спроведувањето со цел да се утврдат потребни промени за во следниот период. Исто така по спроведувањето на првите пет години од реализацијата предвидена е евалвација на ефектот од дотогашното спроведување. Подготовките за спроведување импакт-евалвација ќе започнат веднаш по истекот на петгодишниот период на реализација, а извештајот со податоци за импактот од спроведувањето на стратегијата треба да биде готов и презентиран пред јавноста половина година по истекот на десетгодишниот период на оваа стратегија. Истиот ќе послужи како основа за градење на идната стратегија.



*Самиот процес на следење на реализацијата и успешноста на стратегијата ќе биде координиран од страна на Агенцијата за млади и спорт, но фактичкото прибирање на податоци и известувањето ќе го спроведуваат сите институции кои ќе реализираат активности од стратегијата во рамки на своите програми*

# ЛИСТА НА КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И РЕЛЕВАНТНИ ДОКУМЕНТИ ПРИ ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА


- Национална стратегија за млади 2005-2015
- Младинските трендови во Р. Македонија, Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје 2014
- Невработеност – Ризици и предизвици, Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје 2013
- Младите и пазарот на трудот, Реактор, 2012
- Премин на младите жени и мажи на пазарот на трудот во ПЈРМ, Меѓународна организација на трудот, Јули 2013
- Анализа: Младински потреби и младинско организирање, Коалиција СЕГА, Прилеп 2010
- Извештај за реализација на Акциониот план за имплементација на НСМ на РМ, АМС, Скопје 2015
- Националниот акциски план за вработување млади лица 2013-2015
- Национална програма за пристојна работа 2010-2013, МОТ, Скопје 2010
- Претприемништвото во Македонија, ГЕМ, Скопје 2012
- Националната програма за развој на образованието 2005-2015
- Националната стратегија за вработување 2011-2015
- Националниот акциски план за вработување млади лица 2013-2015
- Закон за здравствена заштита Бр. 07-1704/1 од 28 март 2012 година (Службен весник на РМ, бр. 43 од 29.3.2012 година)
- Поглавје 4 од Статистичкиот Годишник на Република Македонија од 2013 година (04. Здравство, социјални услови и култура)
- Светска здравствена организација (СЗО)
- Човекови права во здравствената заштита (http://www.healthrights.mk/)
- Прирачник за врснички едукатори на теми од областа на сексуалното и репродуктивното здравје и права (Х.Е.Р.А. - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2015 год.)
- Стратешки цели и приоритети на демографските политики во Република Македонија/ Селектирани приоритети за 2015-2016 година за подготовка на акциски план согласно Стратегија за демографски политики 2015-2024 година
- Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (HBSC): Извештај, 2013
- Национална стратегиј за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020
- Закон за студентскиот стандард КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013; 30/2013; 120/2013 и 41/2014)
- Студија за младите во Република Македонија, ФЕС 2013
- Младински потреби и младинско организирање во Република Македонија, Коалиција СЕГА, 2010
- Младинско организирање во Македонија, Национален младински совет на Македонија, 2014
- Коалиција на младински организации СЕГА, “Прирачник за креирање на локални младински стратегии”, 2010
- Национална Стратегија за развој на Културата за периодот 2013 – 2017 (вклучително и Акционен План за спроведување на Националната Стратегија за развој на Културата за периодот 2013 – 2017)
- Преглед на младинските политики во Македонија’, Национален младински совет на Македонија, Скопје, 2015
- Социјалниот капитал на македонските средношколци’, Младински образовен форум, Реактор истражување во акција, 2011
- Програма за развој на спорт 2013-2017
- Закон за спорт на РМ
- ЕУ стратегија за млади – информирање и зајакнување
- http://ec.europa.eu/youth/policy/youth_strategy/index_en.htm

